и5297

163, 12,





ПРЕВЕНТИВНА ГРИЖА

# Евакуирани музејски експонати

*Изложените стотина уметнички дела од меѓународни и национални автори во Музејот за современа уметност, веќе неколку дена од превентивни и безбедносни причини, се евакуирани во скривалиштата на оваа институција.*

„Пред десетина дена отворивме една изложба од колекцијата на Музејот, меѓутоа со заострувањето на воената состојба во Косово и Југославија и поради зголемениот степен на тензија што се создаде во Македонија, Музејот на својот колегиум реши дека е побезбедно, извесно време делата да ги „заштити„ во своите депоа, односно да ги стави на сигурно место“ изјави за „Македонија денес„ директорот на Музејот за современа уметност, Зоран Петровски.

„Сметаме дека е корисно и безбедно овој потег да се преземе со време, отколку во моменти на тензии, какви што се случија пред извесно време во Скопје, зашто тогаш нема да бидеме во можност да реагираме толку брзо на можните новонастанати непредвидени состојби. Немаме директни упатства од Министерството за одбрана дека треба да ги евакуираме уметничките дела, но за новонастанатата состојба што Музејот ја направи, сепак, го информиравме ресорното министерство. Доколку, дојде до посериозно заострување на состојбата во Македонија, побаравме од нив понатамошни инструкции. Немаме добиено никаков одговор од Министерството, а тоа значи дека нашата проценка е доволна и дека нема потреба да се презема ништо посериозно. Сето ова значи дека засега нема потреба од засилување на воената психоза кај луѓето. Кога ќе можеме да предвидиме дека тензијата кај луѓето и опасноста од агресија врз Македонија е измината, ќе продолжиме да работиме нормално и повторно ќе ја вратиме изложбата назад. Во краен случај, наша примарна задача е да се грижиме за движното национално богатство, што го има Музејот„ продолжи понатаму.

Сите овие зафати што ги презема Музејот за современа уметност зборуваат, пред се, за зголемената превентивна грижа на институцијата. Музејот, сепак, во годината кога го одбележува 35-годишниот јубилеј на своето постоење, продолжува со своите активности и најавува неколку атрактивни проекти.

Во соработка со Францускиот културен центар, на 20 април, Музејот подготвува патувачка меѓународна изложба наречена „Одреден начин на живеење“, во која ќе бидат застапени дела на значајни имиња од уметноста на Америка, Јапонија, Русија, Украина, Франција, Бугарија и други. Ќе можат да се видат дела од значајни автори како Енди Ворхол, Пипилати Рист, Габриел Ороско, Недко Солаков, Софи Кал, Норитони Хиракава...

Дел од одбележувањето на годишнината од постоењето на Музејот е и најавената ретроспективна изложба, која ќе го прикаже историјатот на оваа институција, поточно сите изложби и проекти што ги организирал Музејот, преку плакати, постери, каталози и други документи.



Директорот во Музејот на Македонија, Драги Митревски вели дека состојбата во оваа институција е комплетно смирена.

„Не постои никаква иницијатива ниту од страна на Музејот, ниту пак од Министерството за одбрана. Не се направени никакви вежби во случај на војна - последен пат тоа го направивме пред пет години во рамките на СВОЗ, но во случај на воена опасност знаеме што треба да правиме„

**Ивана Тасев**